РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 08-2497/5
15-05-2025 20 год. / viti

**ЈАВЕН ПОВИК**

за избор на младински претставник во Управен одбор на Регионална канцеларија за младинска соработка

**Вовед**

**Што претставува RYCO?** Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO) е независно функционален институционален механизам, основан од учесниците од Западен Балкан 6: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, со цел да го промовира духот на помирување и соработка меѓу младите во регионот преку програми за младинска размена. Договорот за основање на RYCO беше потпишан од шестте премиери на земјите од Западен Балкан на Самитот на ЗБ 6 одржан во Париз, на 4 јули 2016 година.

**Како е организиран Управниот одбор?** Управниот одбор е највисокиот орган за одлучување на RYCO, составен од по двајца претставници од договорните страни (еден владин претставник директно задолжен за младинска политика и еден младински претставник). Претставникот на Владата отслужува мандат во согласност со неговиот мандат во владата на договорната страна што ја претставува. Младинскиот претставник потребно е да е на возраст од 18 до 29[1] на почетокот на нејзиниот/неговиот мандат и се избира во постапка која е транспарентна, инклузивна и на демократски начин спроведена и во тесна соработка со граѓанското општество кое се занимава со млади. Мандатот на младинскиот претставник е три години, без право на продолжување. Управниот одбор се состанува еднаш годишно, освен ако не се одлучи поинаку, кај договорната страна која претседава со него. Претседавачот ротира секоја година по азбучен редослед на имињата на договорните страни. Трошоците за присуство на членовите на Управниот одбор ќе бидат вклучени во Буџетот на Секретаријатот на RYCO.

**Кои се надлежностите на Управниот одбор?** Согласно статутот на RYCO Управниот одбор е надлежен за:

1. Усвојување на Деловник и други прописи потребни за функционирање на RYCO,
2. Усвојување на тригодишен стратешки план и годишни оперативни планови на RYCO,
3. Усвојување Годишен буџет на RYCO и финансиски план за претстојниот период од 3 години,
4. Одобрување Годишен програмски извештај,
5. Одобрување Годишниот финансиски извештај,
6. Обезбедување политичка поддршка за стратешка, оперативна и финансиска плановите на RYCO од договорните страни,
7. Назначување членови на Советодавниот одбор и го овластува во соработка со Генералниот секретар да формира работни групи за одредени прашања поврзани со млади, во рамките на мандатот на RYCO,
8. Назначување и разрешување Генерален секретар на Секретаријатот,
9. Склучување и раскинување на договори за соработка со учесници и организации надвор од Договороните страни на RYCO,

---

[1] Забелешка: Според Статутот на RYCO горната граница е поставена на 30 години, но за потребите на повикот е консолидирана со горната граница предвидена во Законот за младинско учество и младински политики на РСМ.

10. Формирање на Комисија за избор, во која Генералниот секретар е член по функција, задолжена за процесот на селекција на персоналот на Секретаријатот и локалните ограноци,
11. Назначување надворешни финансиски ревизори за RYCO согласно Статут,
12. Врши други задачи како што е дефинирано во Статут.

**Пријава и пропратни документи**

Кандидатот за член на Управен одбор потребно е да достави:

- Пополнета и своерачно потпишана апликациска форма;
- Кратка биографија (CV);
- 3 писма за препорака за докажување на своето искуство (треба да содржат потпис и/или печат);
- Копија од лична карта;
- Копија од државјанство;
- Да достави номинација од организација која спаѓа во формите на младинско организирање, регистрирана согласно Законот за младинско учество и младински политики
- Изјава дека не е во редовен работен однос и/или ангажиран во државна администрација и дека не е член на било каков управен или надзорен одбор во државна институција, заверена на нотар;
- Пропратно писмо.

На барање на работната група, може да бидат побарани и други дополнителни документи за верификација.

Потребно е документите да бидат доставени на електронска адреса rabotnagruparycomk@gmail.com со наслов „Пријава за младински претставник на управен одбор на Регионална Канцеларија за младинска соработка" и во оригинална верзија доставена до архивата на Министерство за социјална политика, демографија и млади, со назнака „ДА НЕ СЕ ОТВОРА ПРЕД СЕСИЈАТА ЗА ИЗБОР", најдоцна до 02.06.2025 16:30 часот.

Министерство за социјална политика, демографија и млади
ул. Даме Груев, бр. 14
1000 Скопје

Пријавите кои ќе стигнат по предвидениот рок нема да бидат земени предвид. За сите прашања во однос на конкурост, можете да нѐ контактирате на е-маил: rabotnagruparycomk@gmail.com.